**ОБЕДИНЕТИ НАЦИИ**

| Меѓународен суд за кривично гонење на лица одговорни за тешки кршења на меѓународното хуманитарно право извршени на територијата на поранешна Југославија од 1991 година | Предмет бр.: | ИТ-04-82- АР72.2 |
|---|---|---|
| | Датум: | 9. јануари 2007 |
| | Оригинал: | англиски |

## ПРЕД ЖАЛБЕНИОТ СОВЕТ

Судии: Судија Фаусто Покар, Претседавач
Судија Мехмет Гинеј
Судија Лиу Даќун
Судија Андресиа Ваз
Судија Волфганг Шомбург

Секретар: г. Ханс Холтхуис

Датум на поднесување: 9. јануари 2007

**ОБВИНИТЕЛОТ**

**против**

**Љубе БОШКОСКИ**
**Јохан ТАРЧУЛОВСКИ**

# РЕШЕНИЕ ПО ЖАЛБАТА НА ЉУБЕ БОШКОСКИ ВО ВРСКА СО НАДЛЕЖНОСТА

**Одбрана:**

г-ѓа Една Решидовиќ и г. Гуенел Метро за Љубе Бошкоски
г. Антонио Апостолски за Јохан Тарчуловски

**Канцеларијата на Обвинителот:**

г. Дан Саксон
г. Анеес Ахмед

1. Жалбениот Совет (понатаму во текстот: Жалбениот совет) на Меѓународниот суд за кривично гонење на лица одговорни за тешки кршења на меѓународното хуманитарно право извршени на територијата на поранешна Југославија од 1991 година (понатаму во текстот: Меѓународниот суд) е задолжен да решава по жалбата поднесена од обвинетиот Љубе Бошкоски (понатаму во текстот: Бошкоски) на 22. септември 2006 против решението на Судскиот совет со датум од 8. септември 2006 (понатаму во текстот: Оспорувано решение) во кое се отфрлаат неговите приговори во врска со надлежноста на Меѓународниот суд над него врз основа на член 7(3) од Статутот на Меѓународниот суд и за обвиненија врз основа на член 3 од Статутот на Меѓународниот суд.[1] Бошкоски понатаму приговара што Судскиот совет не ги отфрлил обвиненијата против него како кршење на одредбите за кривична постапка.[2] Обвинителството ја поднесе својата Реакција на 2. октомври 2006[3], а Бошкоски го поднесе својот Одговор на 6. октомври 2006.[4]

2. Бошкоски се товари во Второто изменето и дополнето обвинение со командна одговорност според член 7(3) за убиство (точка 1); безобѕирно уништување на градови, гратчиња или села (точка 2); и сурово постапување (точка 3). Обвиненијата по секоја точка се сметаат за прекршување на законите и обичаите на војување врз основа на член 3 од Статутот на Меѓународниот суд.[5]

3. Жалбениот совет не смета дека жалбата на Бошкоски е прифатлива бидејќи не постои основа врз која тој би можел прописно да го поднесе прд Судскиот совет своето оспорување на надлежноста. Жалбениот совет потсетува дека според правило 72(А)(i) од Правилникот за постапка и докази на Меѓународниот суд (понатаму во текстот: Правилник) оспорувањето на надлежноста мора да „биде поднесено најдоцна 30 дена откако Обвинителот ќе и ги обелодени на одбраната сите материјали и изјави наведени во правило 66(А)(i)“. Бидејќи обелоденувањето во овој предмет беше завршено во 2005 година, ова правило не може да се примени во овој случај. Исто така ниту правило 50(В) од Правилникот, кое му дава на обвинетиот „дополнителен период од 30 дена во кој може да поднесе прелиминарни поднесоци според правило 72 во врска со нови обвиненија“, не беше применливо бидејќи во Изменетото и дополнето обвинение не беа додадени нови обвиненија. Според тоа не може да

---

[1] Жалба од одбраната на Бошкоски во врска со надлежноста, поднесена делумно доверливо на 22. септември 2006, (понатаму во текстот: Жалба).
[2] Жалба, параграф 64.
[3] Реакција од Обвинителството на Жалбата од одбраната на Бошкоски во врска со надлежноста со датум од 22. септември 2006, 2. октомври 2006 (понатаму во текстот: Реакција).
[4] Одговор од одбраната на Бошкоски на „ Жалбата од одбраната на Бошкоски во врска со надлежноста со датум од 22. септември 2006“, 6. октомври 2006 (понатаму во текстот: Одговор).
[5] *Обвинителот против Бошкоски и Тарчуловски*, Предмет бр. ИТ-04-82-ПТ, Второ дополнето и изменето обвинение, 5. септември 2005 (понатаму во текстот: Второ дополнето и изменето обвинение).

се смета дека сега Бошкоски има право да поднесе жалба според правило 72(Б)(i) од Правилникот. Покрај тоа, Жалбениот совет го става под прашање решението на Судскиот совет да го прифати овој поднесок според правило 54 од Правилникот, што успешно дозволило да се заобиколат јасно изнесените одредби од правило 72 и временските рокови пропишани во него. Со оглед на тоа дека Оспоруваното решение било донесено врз основа на правило 54, единствено правило 73 од Правилникот би било применливо, за што би било неопходно потврдување.

4. Покрај тоа во контекст на тврдењата на Бошкоски во врска со член 7(3), спорните прашања веќе биле претходно разледувани. Всушност Судскиот совет расправа за сосема истите прашања во своето решение од 26. мај 2006 при што го потврдува Второто изменето и дополнето обвинение.[6] Бошкоски не сметаше за потребно да побара потврда за да го обжали ова решение и со тоа го изгуби правото да поднесе интерлокуторна жалба во врска со истото прашање што го покренува сега по вторпат пред Жалбениот совет. Според тоа Решението од 26. мај 2006 треба да се смета како решение што го спречува Бошкоски само сега да поднесе интерлокуторна жалба.

5. Покрај применливоста на гореспоменатите заклучоци *mutatis mutandis* во врска со оспорувањата на надлежноста на Меѓународниот суд од страна на Бошкоски врз основа на неприменливост на член 3 и повреда на кривичната постапка, Жалбениот совет исто така смета дека не е правилно ни нивното претставување како прашања од надлежноста. Според правило 72(Г) од Правилникот, оспорувањата на надлежноста се ограничени на оспорувања на обвинението врз основа на тоа дека тоа не се однесува на; (1) ниту едно од лицата посочени во членовите 1, 6, 7 и 9 од Статутот; (2) териториите посочени во членовите 1, 8 и 9 од Статутот; (4) на ниту едно од прекршувањата посочени во членовите 2, 3, 4, 5 и 7 од Статутот. Приговорите на Бошкоски што произлегуваат од фактот дека Обвинителството не изложува во обвинението дека тој „знаел или имал причина да знае за постоењето на вооружен конфликт и природата на истиот“ и дека Судскиот совет не ги отфрлил обвиненијата против него како кршење на одредбите за кривична постапка не припаѓаат во овој тесен опсег.

6. Врз основа на гореизложеното, Жалбениот совет смета, со тоа што Судија Покар има делумно различно мислење, дека би било надвор од нивните овластувања кога би ја

[6] *Обвинителот против Бошкоски и Тарчуловски*, Предмет бр. ИТ-04-82-ПТ, Решение по поднесокот од Обвинителството со барање да го измени и дополни обвинението и Поднесување на предлог Второто дополнето и изменето обвинение и Поднесување на изменетиот и дополнет Претпретресен поднесок, 26. мај 2006 (понатаму во текстот: Решение од 26. мај 2006).

разгледувале жалбата на Бошкоски од суштински аспект без да ги земат предвид техничките тешкотии.

Составено на англиски и на француски, при што англиската верзија е меродавна.

(своерачен потпис на оригиналот)

**Судија Фаусто Покар**

**Претседавач**

Датирано од 9. јануари 2007,
Во Хаг
Холандија

Судија Покар го приложува своето делумно различно мислење по ова решение.

**[Печат на Меѓународниот суд]**

## ДЕЛУМНО РАЗЛИЧНО МИСЛЕЊЕ НА СУДИЈА ПОКАР

1. Јас се согласувам со диспозитивот по оваа Жалба од мнозинството на Жалбениот совет, меѓутоа, не сум убеден дека оспорувањето од Бошкоски на надлежноста на Меѓународниот суд според член 7(3) од Статутот требаше да биде одбиено како неприфатливо врз процедурална основа, а без да се земат предвид суштинските прашања. Сепак се согласувам дека оспорувањата на Бошкоски врз основа на член 3 и повреда на кривичната постапка не претставуваат соодветно оспорувања на надлежноста како што е изложено во член 72 од Правилникот.

2. Иако мнозинството на Жалбениот совет точно забележува дека поднесокот на Бошкоски не бил поднесен пред Судскиот совет според правило 72, бидејќи според тоа правило не би бил поднесен во предвидениот рок, јас сум на мислење дека Судскиот совет имал дискреционо право да дозволи да биде прифатен според правило 54. Меѓутоа, иако се потпира на правило 54, Судскиот совет всушност разгледува, како суштинско прашање, оспорување на надлежноста. По мое мислење, бидејки оспорување на надлежноста според правило 72(Б) автоматски дава право на жалба, кога од Судскиот совет такво оспорување

произлегува според кое било друго правило, тоа исто така треба да се смета дека дава право на жалба. Секое друго толкување може да создаде можност обвинетиот да биде суден за обвиненија коишто не се правилно изнесени пред овој Меѓународен суд. Како што беше изнесено од страна на Жалбениот совет во предметот *Обвинителот против Тадиќ*, во неговото решение во врска со надлежноста, „такво битно прашање како што е надлежноста на Меѓународниот суд не треба да остане за решавање на крајот на потенцијално долго емоционално исцрпувачко и скапо судење“.[7] И покрај тоа што оваа изјава беше дадена во врска со тоа дали Меѓународниот суд воопшто има надлежност, таа може исто така да се примени на прашањето дали надлежноста на Меѓународниот суд според член 7(3) ги опфаќа сите три типа на кривични активности од страна на подредените.

3. Понатаму во врска со заклучокот на Жалбениот совет дека Бошкоски го изгубил правото да поднесе жалба по ова прашање во врска со член 7(3) бидејќи не побарал потврдување за Решението на Судскиот совет од 26. мај 2006, во коешто тој го покрена прашањето како недостаток во формата на обвинението, јас не сметам дека приговорот на обвинетиот на ова прашање како недостаток во формата на обвинението го спречува неговиот приговор на истото прашање како прашање за надлежноста.

4. Според тоа сметам дека во интерес на разрешување на прашањето во врска со надлежноста на Меѓународниот суд во претпретресната фаза и правичноста кон обвинетиот Жалбата на Бошкоски, во врска со прашањето на надлежноста според член 7(3), треба да се решава врз основа на суштинските прашања.

Составено на англиски и на француски, при што англиската верзија е меродавна.

(своерачен потпис на оригиналот)

Судија Фаусто Покар

Датирано од 9. јануари 2007,
Во Хаг
Холандија

[7] *Обвинителот против Душко Тадиќ*, Предмет бр. ИТ-94-АР72, Решение по поднесокот од одбраната за интерлокуторна жалба во врска со надлежноста, 2. октомври 1995, параграф 6.